# NEWSLETTER #5

## Национална платформа за женско претприемништво

*Хабови, локални акции, студиски посети*

*Јуни 2023*




Проектот ,,Национална платформа за женско претприемништво,, е кофинансиран од Европската Унија и е имплементиран од Здружение на бизнис жени, Фондација за менаџмент и индустриско истражување и Сојуз на Стопански Комори. Главната цел на проектот е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.

Во продолжение прочитајте што се Националната платформа работеше во текот на изминатите 6 месеци. Локални хабови, студиска посета, локални акции се само дел од активностите на кој тимот на НПЖП работеше во изминатиот период.

## *Локални хабови*

Во периодот од февруари до март 2023 се одржаа состаноци низ сите 8 плански региони, на кој се потпишаа декларации и се формираа совети за женско претприемништво. На 03.02.2023 се одржа состанок во рамки на Полошкиот локален хаб во Гостивар и Врапчиште на кој беа дадени повеќе инцијативи за активности со кои би се мотивирале жените за вклучување во економски деловни потфати. На 08.02.2023 се одржа состанок во Неготино, Вардарски плански регион каде присутните се договорија за следни чекори за формирање на Совет за ЖП во оваа општина.

На 10.02.2023 се реализираа состаноци во Источен плански регион. Правата средба беше во општина Пехчево со преставници на НВО секторот, додека втората средба се одржа во



општина Берово со локалната администрација и жени претприемачи од овој регион. На 17.02.2023 се одржа работен состанок во општина Охрид на која се дискутираше за следните активности на Советот за ЖП во оваа општина и за подготовка на Локалната стратегија за ЖП. На 23.02.2023 во Југоисточниот плански регион се одржаа средби во Струмица со Центарот за вработување кој ја потпиша и декларацијата за поддршка и промоција на женското претприемништво, во Центарот за развој на Југоисточен плански регион каде се разгледаа идните можности за соработка на Центарот со платформата и последниот состанок се одржа во Радовиш каде и се формираше локалниот совет за женско претпримништво на кој присуствуваше и секретарот на општина Радовиш. На 01.03.2023 се одржа и воведната седница на Советот за поддршка на женско претприемништво во општина Прилеп на кој присуствуваше и градоначалникот Борче Јовчески, како и претставници од Комисијата за еднакви можности и жени претприемачки.





На 02.03.2023 се одржа средба во Североисточен плански регион во Куманово на кој се дискутираше за формирање на Комисија за женско претприемништво во рамки на ЛЕСС. Посетата на локалните хабови финишираше со средба на членовите на Советот на ЖП во Град Скопје на кој се предложија идните активности кои треба да се имплементираат во рамките на ова тело.

## *Вебинари*



На 22-ри март, тимот на Националната платформа за женско претприемништво одржа вебинар на тема ,,Поддршка на жените претприемачи во областа на зелената и дигиталната транзиција'', со инспиративни и мотивациони говорници, несебично споделувајќи ги своите добри практики, давајќи можност да се реплицираат или да се приклучат на постоечка, веќе работна практика. Непишано правило е дека секојдневно се соочуваме со нови техники и алатки кон поуспешна зелена транзиција во нашите компании. Токму затоа во рамките на вебинарот отворено

разговаравме за предизвиците и можностите со кои се соочуваат сите чинители во претприемачкиот еко систем во овој дигитален и зелен свет, со посебен осврт кон жените претприемачи.

Првата говорничка беше Katerina Gkani која е е директор на првата женска енергетска задруга во Европа, WEnCoop добитник на национални и европски награди, од категоријата „Зелена транзиција“, во Европските награди за промоција на претпријатија – EEPA 2022, и е одговорна за Секретаријатот на Грција Здружение на жени претприемачи – СЕГЕ. Веднаш по неа зборуваше **Leila Maidane** социјален претприемач фокусирана на зајакнување на луѓето преку технологијата. Таа ја основала Femmes Fières во 2017 година за да ги поттикне жените претприемачи да ја обликуваат иднината благодарение на технологијата, му се придружила на MolenGeek како КОО во 2019 година за поддршка на компанијата и раст и го основа BeGreator во 2020 година, технолошки стартап кој развива иновативни решенија за да ја олесни транзицијата од образование на работа. Во последниот дел зборуваше **Мирјана Јосифоска** која е основачка на првиот македонски дизајнерски бренд на шапки, произведувајќи шапки и модни додатоци за коса од материјали од природно потекло и текстилни остатоци.

## *Совет на Национлната платформа за женско претприемништво*




Во рамките на активностите на Националната платформа на 12 април 2023 година се одржа состанок на Советот на НПЖП. Резлизирани активности, планови за оваа година и претставување на новите членови и нивни предлози и идеи беа дел од темите на кои се говореше на оваа средба.

## *Локални акции*

Од април 2023 година Националната платформа започна и со имплементирање на локални акции во сите 8 плански региони. Локалните акции се состојат од 5 обуки кои започнаа да се одржуваат во сите региони.

Првата обука на тема ,,Препознавање и преземање на претпримачки активности за градење на економски потенцијал,, се реализираше на следните датуми: 27.04.2023 во Св. Николе, 01.05.2023 во Струмица, 05.05.2023 во Охрид, 08.05.2023 во Скопје, 11.05.2023 во Битола, 12.05.2023 во Тетово, 17.05.2023 во Велес и 19.05.2023 во Кочани.






Втората обука на тема ,, Финасирање на бизнис и пристап до финансии,, се одржа на следните датуми: 01.06.2023 во Струмица, 15.05.2023 во Охрид, 16.05.2023 во Прилеп, 19.05.2023 во Гостивар, 23.05.2023 во Куманово, 30.05.2023 во Кочани.

Третиот циклус на обуки на тема ,,Менаџмент на човечки ресурси и лидерство,, се моментално во тек.

## *Студиска посета*

Од 21 – 23 мај 2023 година во организација на проектот Национална платформа за женско претприемништво во Будимпешта, Унгарија се одржа студиска посета за претставнички од граѓански организации кои работат во полето на женско претприемништво, вработени во Општини и Советнички од локални Совети во Македонија.



Студиската посета им даде можност на учесниците да остварат состаноци со различни локални, национални и Европски чинители во полето на женско претприемништво како што се: HEFTA Research Institute and Center for Economic and Social Analysis, Women Business angels,

Budapest Enterprise Agency, EIT Food, Hungarian Association of Craftsmen's Corporations – IPOSZ, SEED Foundation, Impact Hub Budapest. Воедно имаше и претставување на работата на Националната платформа за женско претприемништво како дел од Европска конференција каде беа претставени активностите на самата платформа, очекуваните резултати и споделени добри практики.




## *Тематски и секторски групи*

Националната платформа за женско претприемништво во текот на 2023 година ги формираше третите по ред тематски и секторски групи.

Секторската група ,,Зелена транзиција на бизнисите,, одржа состанок на 19.05.2023 година, каде присуствуваа лица од невладин сектор, жени претприемачки, како и експертот за подоготовка на документот за политики кој ќе произлезе од оваа секторска група. Документот за политики ќе биде промовиран на Годишниот самит на платформата кој ќе се одржи во ноември 2023 година.




На 01 јуни се одржа и првиот состанок од предвидените четири на тематската група ,,Млади и претприемништво,, на кој присуствуваа лица од младинските организации, од советите за млади од општините, како и млади претприемачи. По завршувањето на состаноците на теметската група ќе се изработи инфографик кој ќе биде промовиран на Самит 2023.




## *Медиуми на платформата*

**Веб портал** - https://weplatform.mk/




**Веб радио** - https://weradio.mk/




**Мобилна апликација WE Assistant** –

https://apps.apple.com/app/weassistant/id1632798619

https://play.google.com/store/apps/details?id=com.weplatform.app&pli=1




**Видео подкасти -** https://www.youtube.com/channel/UC3RFStT7eH4_tyzb3VrlimQ




## ВИ БЛАГОДАРИМЕ!